Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

# ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Рег. бр. 14.4- 62/5
Скопје, 13.04. 2023

ДОСТАВЕНО ДО:
- Министер за внатрешни работи
- Директор на БЈБ
- Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

## И З В Е Ш Т А Ј

*за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во првите три месеци од 2023 година*

Во текот на првите три месеци од годинава, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки и активности за проверка на 282 (352)[1] *случаи* на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработени во Министерството, што претставува *намалување на случаите за 19,9 % во однос на истиот период минатата година.*

Во овој квартал, споредено со истиот период минатата година, забележан е тренд на зголемување од 5,3% на примените *писмени претставки од граѓани - 217 (206),* во кои истите реагираат на одредени неправилности во работењето претежно на полициските службеници, како и зголемување од 40% кај *анонимните поднесоци 49* (35) како и намалување од 14,8% на примени *записници за усно поднесени претставки 63* (74).

Примени се *три (четири) претставки од невладини организации* и тоа сите од *Хелсиншки комитет, седум* (шест) *поднесоци* од *Народниот правобранител, 11 (девет) претставки од правни лица* и *18 (18) поднесоци од адвокати* како полномошници на граѓани или на правни лица.

Покрај по добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по наредби на Министерот, врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени *70*

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

(55) *службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР* во кои се укажува на несоодветно постапување на вработени во Министерството.

Од *282* (352) случаи за кои се вршени проверки, *215 (266) се предмети кои се оформени врз основа на добиени претставки од граѓани, здруженија на граѓани и правни лица*, а останатите се по добиени известувања, телеграми, сознанија и слично. Споредбено со истиот период минатата година, бројот на случаи по кои се вршени проверки по претставки бележи намалување од *19%*. Од анализа на структурата на овие предмети може да се констатира дека во *116* (164) случаи наводите изнесени во претставките се *неосновани*, за *59* (61) предмети *нема доволно докази* за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, *19 (16) претставки се основани, 21 (20) се делумно основани.*

При постапувањето по конкретните предмети, во случаите каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР, од страна на ОВККИПС иницирани се задолжителни мерки до овластените предлагачи.

За утврдените неправилности, ОВККИПС против *84* (92) службени лица иницираше поведување на *постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина.* За *46* (220) лица е изречена мерка-*укажување*, а *за 8 (16)* вработени е изречена мерка покренување на постапка за *надомест на штета-материјална одговорност. Од четворица (шестмина) вработени е одземено службеното оружје, 7 (13) вработени се упатени на вонреден лекарски преглед, петмина (шест) се отстранети (суспендирани) од работното место до донесување решение во дисциплинската постапка.*

Во оваа насока, претставници од Одделот учествуваа во работата на дисциплинските комисии, присуствувајќи на 98 (86) расправи за утврдување на дисциплинска одговорност пред сите надлежни Комисии во Министерството.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица, кои имаат обележје на кривично дело, Одделот поднесе една *кривична пријава* против еден вработен во МВР за сторено едно кривично дело *„примање поткуп"*, по член 357 од КЗ на РСМ.

Покрај поднесените кривични пријави, Одделот во првите три месеци од годинава изготви и достави 70 *(68) Известувања до Основните јавни обвинителства во РСМакедонија,* од кои 62 *(37) се по барање на обвинителствата, а 8 (31) се за запознавање* на надлежниот јавен обвинител и негово евентуално постапување. Од нив, 66 *(62)* известувања се до ОЈО за ГОКК, од кои 65 (60) до Специјализираното одделение за истражување и гонење на

кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.

Во овој период, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапи по *15 (13) поднесоци,* во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани *е употребена физичка сила.* По преземени мерки е утврдено дека шест *(седум) поднесоци се неосновани,* односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила, во *девет (шест) случаи* поради немање на докази *не може да се утврдат наводите во претставката , а основани поднесоци нема.*

Сите примени барања на објаснувања, информации и докази за наводите во претставките *седум* (*шест*) примени од *Народниот правобранител се одговорени.*

Во првите три месеци од годинава, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на *11* (13) случени *сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР со возила сопственост на Министерството,* при што против *шест вработени* е констатиран основ за поведување на постапка за утврдување на материјална одговорност - надомест на штета.

ОВККИПС во периодот јануари-март изврши контрола на работењето на организациските единици на МВР:

- Постапувајќи по Наредба бр.14-4480/1 од 16.01.2023 година од Министерот за внатрешни работи и План рег.бр.14.1.2-207/2, Одделот на ден 21/22.01.2023 година спроведе контрола на дежурната служба во ОВР Прилеп, ПС ОН Прилеп и ПО за БПС Прилеп и службите на терен. Контролата се однесуваше на почитување на правилата од страна на унифирмирани полициски службеници во однос на влегување и задржување во угостителски објекти и други јавни објекти, постапување по задачи наведени во наредбите за вршење на служба, почитување на наредбата за користење на службените моторни возила, алкотестирање на униформирани полициски службеници затекнати во угостителски и други јавни објекти, контрола во однос на вршење на дополнителна дејност од страна на вработени во МВР, контрола на оперативни евиденции и постапката за повикани, приведени и задржани лица и контрола на работните и оперативните евиденции, како и почитување на член 168 од Законот за внатрешни. Од спроведената контрола утврдени се неправилности и против полициски службеници поднесена е иницијатива за поведување на постапка за кршење на работниот ред и дисциплина.

-По повод одбележувањето на 151 година од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев на ден 04.02.2023 година ОВККИПС постапи по телеграма од Министерот за внатрешни работи бр.22.9-36 од 01.02.2023 година и Наредба бр.14-4480/1 од 16.01.2023 година заради одржување на севкупната

безбедносна состојба во врска со ОА "Гоце Делчев ", а имајќи ја предвид и телеграмата од Директорот на БЈБ бр.22.9-37 од 01.02.2023 година и Генерален план со цел зголемена мобилност, следење на состојбата и навремено преземање на мерки од својата надлежност. ОВККИПС врз основа на Анекс План бр.14-46/4 од 03.02.2023 година презема мерки за контрола на извршување на работните задачи на ангажираните полициски службеници и за однесувањето на присутните вработени во МВР за време на обезбедување на настанот при што не беа констатирани неправилности во работата и однесувањето на ангажираните и присутни вработени во МВР.

- Постапувајќи по Наредба Сд. бр. 14-4480/1 од 16.01.2023 година и План 14-489/1 од 22.02.2023 година, Одделот спроведе контрола на четирите влеза во кругот на Министерството за внатрешни работи. Контролата се однесуваше на почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа, почитување на Наредбата за користење на службените возила и почитување на член 168 од ЗВР;
- Постапувајќи по Наредба од Министерот за внатрешни работи со рег.бр. 14-4480/1 од 16.01.2023 година и План со рег.бр.14.3.1-361/3 од 03.03.2023 година, Одделот на ден 03.03.2023 година, спроведе контрола во угостителски објект „Ден и Ноќ" лоциран на подрачјето на ПС од ОН Карпош при СВР Скопје. Предмет на контролата беа полициски службеници ангажирани вон нивното работно време кои вршат приватно обезбедување на угостителскиот објект, а при извршената контрола не беа затекнати полициски службеници, ниту други вработени во МВР како вршат дополнителна дејност физичко обезбедување на УО „Ден и Ноќ".
- Постапувајќи по Наредба од Министер број 14-4480/1 од 16.01.2023 година, Наредба бр.14-4482/1 од 16.01.2023 година и Наредба бр.4492/1 од 16.01.2023 година и План бр.14-570/1 од 03.03.2023 година, Одделот на 04/05.03.2023 година спроведе контрола на почитување на правилата од страна на униформирани полициски службеници во однос на нивно постапување по наредби за вршење на дејност над полициските патроли кои се затекнати во извршување на службените задачи на релација Скопје - Гевгелија и тоа на автопатот А1 како и на регионалниот пат Р 1102 на потег од Скопје до Гевгелија и назад, како и подрачје на СВР Велес, СВР Струмица до ГП Богородица како и контрола на ПС за ГП и ГН Богородица при РЦ за ГР „Југ". При контролата констатирани се неправилности во работењето за 8 (осум) полициски службеници, за што од страна на Одделот поднесени се иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност до овластениот предлагач.

Од останатите активности на Одделот ги издвојуваме следните:

Базирајќи се на Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси на Државната комисија за спречување на корупцијата и Извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ- петти круг за „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките

извршни фукции) и органите за спроведување на законот" Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во рамките на своите надлежности изработи Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2023 година и Акциски план за имплементација како стратешки документ во кој се поставени основните постулати врз кои се темели системот за интегритет во МВР со дефинирање на активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех.

Во рамките на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија (2021-2026) која заеднички ја спроведуваат Министерството за внатрешни работи и ДЦАФ Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, изработени се План за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акциски план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025. Овој план претставува внатрешен анти-коруптивен документ за градење на интегритет кој содржи сет на мерки за превенирање и елиминирање на можностите за настанување и развој на разни форми на коруптивно однесување. Врз основа на претходно извршена сеопфатна анализа на статистички и аналитички податоци со кои располага Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, детектирани се шест области од работењето на МВР кои се најмногу изложени на коруптивно или друго незаконито однесување кои се предмет на опфат на Планот за интегритет и тоа ризици од злоупотреба на службената положба од страна на овластени службени лица од управните служби кои се во директен контакт со граѓани во постапки на издавање на лични документи, уверенија, дозволи и сл, ризици од примање поткуп во сообраќајната и граничната полиција, ризици од прекумерна употреба на сила при примена на полициските овластувања, ризици во областа на спроведување на јавните набавки, ризици во областа на управувањето со човечки ресурси, ризици поврзани со етиката, непристрасноста, достоинството, заштита на угледот на МВР. Во Акцискиот план за имплементација на Планот за интегритет предвидени се мерки и активности кои надлежните организациски единици ќе ги преземаат во наредните три години со цел намалување или сузбивање на поставениот ризик. Во Акцискиот план исто така се предвидени и цели за спроведување на индикаторите во наредните три години преку кои ќе се следи степенот на реализација на Планот за интегритет, односно ќе се постигне ниво на целосна следливост на спроведените мерки и нивната реализација, а со тоа и постигнати резултати. Планот за интегритет на работните места во МВР 2023-2025 и Акцискиот план за имплементација на Планот за интегритет 2023-2025 се објавени на веб страната на МВР.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

На покана на Центарот за интегритет во одбрамбениот сектор Норвешка – ЦИДС, делегација од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во периодот 21-22 март 2023 година присуствувше на Регионална конференција која се одржа во Тирана, Р.Албанија на тема: "Зајакнување на соработката помеѓу службите за внатрешна контрола на Албанија, Косово, Црна Гора и Северна Македонија ", за предизвиците со кои се соочуваат овие служби, алатките со кои се користат со цел спречување и откривање на случаи на корупција од страна на полициските службеници и размена на искуства од секојдневното работење.

Во организација на Центарот за интегритет во безбедносниот сектор на Кралството Норвешка, се одржаа две обуки на тема „Методологија и интегритет во јавните набавки" на кои присуствуваа претставници од Одделот. Од страна на експерти за јавни набавки беше презентирана програма за примена на основните принципи на јавните набавки во јавниот сектор, директивите на ЕУ кои се однесуваат на јавните набавки и потребата од спроведување на набавките на начин кој обезбедува заштита на јавниот интерес.

Претставници од Одделот на ден 17.03.2022 година зедоа учество на Меѓународна конференција на тема: "Сајбер интегритет во јавната администрација " во организација на Центарот за интегритет, развој и добро управување IMPETUS. Панелисти на конференцијата беа меѓународни и домашни експерти од областа на сајбер безбедноста кои дадоа посебен осврт на предизвиците со кои се соочува јавната администрација и општеството пред сајбер нападите со заедничка заложба и поттик за трансформативни промени.

На 05 април 2023 година во хотел "Хилтон" во Скопје претставник од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди присуствуваше на Годишната конференција за оценка на остварувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 година. Конференцијата се реализираше во рамки на проектот "Активност за анти-корупција и интегритет " финансиран од УСАИД, а спроведен од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Конференцијата се фокусираше на реализација на активностите од Акциониот план на Националната стратегија преку осврт на постигнатите резултати, искуствата во борбата против корупцијата и воведување на системот на интегритет, негово унапредување, како и зајакнување на капацитетите на надзорните институции вклучени во спречување на корупцијата и отчетност на севкупниот систем на управување.

Одделот тековно презема активности за зголемување на транспрантноста во работењето. Во оваа насока и во овој период Одделот продолжува со објавување на периодичните и годишните извештаи на веб страницата на Министерството, каде


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

што се поставени и Антикорупциската програма за Министерството за внатрешни работи, Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството, Планот за интегритет, Акцискиот план за имлементација на Планот за интегритет и други релевантни документи од интерес за граѓаните.

ПРИЛОГ: Табеларен преглед на одредени податоци

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Игор Арсовски

Подготвил: Началник на Одделение - Маја Реџепагиќ


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид, искажани за прв квартал по години :

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување со предупре-дување | Постап. за надомест на матер. штета | Оддале-чување од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2019 година | 313 | 7 | 97 | 54 | 7 | 6 |
| 2020 година | 325 | 8 | 87 | 22 | 3 | 11 |
| 2021 година | 319 | 18 | 93 | 39 | 2 | 10 |
| 2022 година | 352 | 5 | 92 | 220 | 16 | 6 |
| 2023 година | 282 | 1 | 84 | 46 | 8 | 5 |

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила :

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2019 година | 9 | 1 | 3 | 5 | / |
| 2020 година | 14 | 1 | 6 | 7 | / |
| 2021 година | 17 | 2 | 3 | 12 | / |
| 2022 година | 13 | / | 7 | 6 | / |
| 2023 година | 15 | / | 6 | 9 | / |

III. Поднесоци од Народниот правобранител:

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2019 година | 8 | 7 |
| 2020 година | 7 | 7 |
| 2021 година | 12 | 12 |
| 2022 година | 6 | 6 |
| 2023 година | 7 | 7 |